УНИВЕРЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ
„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

СКОПЈЕ

08

2019-2021

Скопје, март 2023

Издание на Православниот богословски факултет
„Свети Климент Охридски“ – Скопје

Првиот број на *Билтенот* е објавен како прилог кон број 5 на „Весник“ – Службен лист на македонската православна црква – Охридска архиепископија

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски, декан

Уредници: доцент д-р Анета Јовковска и м-р Билјана Петковска

Умножено на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје

Тираж 3 примероци

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски" - Скопје
Примено: 02.11.2021
255/1

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА ПАТРОЛОГИЈА И АГИОЛОГИЈА НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" ВО СКОПЈЕ**

Во врска со распишаниот конкурс, објавен во весникот „Вечер" на 22.10.2021 година, број 17749 за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областа Патрологија и Агиологија, Наставно-научниот совет на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, на својата 4. редовна седница, одржана на 01.10.2021 година, определи Комисија во состав: проф. д-р Милан Ѓорѓевиќ, претседател, проф. д-р Ратомир Грозданоски, член и проф. д-р Дејан Борисов, член.

По направената анализа на доставените материјали, Рецензентската комисија има чест до Наставно-научниот совет на Православниот богословски факултет во Скопје да го поднесе следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се пријави само д-р Виктор Недески, асистент на Православниот богословски факултет во Скопје. Кон пријавата, тој ги поднесе потребните документи согласно со Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година).

## 1. Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Виктор Недески е роден на 11.08.1990 година во Охрид. Основното и средното образование ги завршил во Охрид.

Своите додипломски студии (2010-2014) ги завршил на Богословскиот факултет при Универзитетот Аристотел – Солун, отсек: Пастирска и општествена теологија, со оценка 9,49. Во овој период кандидатот е Стипендијант на Дебарско-кичевската епархија.

По додипломските студии, кандидатот, го продолжил своето високо образование запишувајќи Втор циклус последипломски студии „Православна теологија и христијанска култура" (2014-2016), на отсекот: Пастирска и општествена теологија на Богословскиот факултет при Универзитетот Аристотел – Солун. Вториот циклус студии го завршил со оценка 9,95 и се здобил со звање: *магистер по теолошки науки*.

Третиот циклус последипломски студии (2016-2020), кандидатот, го завршил со одличен успех на Богословскиот факултет при Универзитетот Аристотел – Солун, отсек: Социјална теологија и христијанско општество од областа на Патрологијата и Агиологијата (Отечна книжевност и Религиологија), на тема: „Охридските архиепископи и латинскиот Запад (XI-XIII век)". Во овој период кандидатот е Стипендијант на САС на МПЦ-ОА.

Кандидатот д-р Виктор Недески има одлично познавање на англискиот, грчкиот, српскиот и бугарскиот јазик, а се користи и со италијанскиот,

германскиот, рускиот и други словенски јазици. Исто така, Кандидатот се користи и со класичните јазици: црковнословенски и старогрчки.

Д-р Виктор Недески од октомври 2014 г. е вработен како Референт на Дебарско-кичевската епархија, а од февруари 2017 е асистент-докторанд на ПБФ „Свети Климент Охридски" – Скопје. Од 2017 г. до денес е раководител на секцијата Теологија на Демирхисарската летна школа. Исто така, од 2017 г. е член на комисијата за подготовка на нов превод на Светото писмо на Новиот завет на современ македонски јазик, а од 2021 г. е член на комисијата за подготовка на нов поетски превод на Псалтирот (проекти на Библиското здружение на Р. Македонија).

## 2. Оцена на научните, стручните, педагошките и другите остварувања на кандидатот

### 2.1. Наставно-образовна дејност

Почнувајќи од неговиот избор за асистент во 2017 г., д-р Виктор Недески успешно и посветено ја изведува наставата на Православниот богословски факултет во Скопје, по предметите: Историја на македонскиот народ, Историја на помесните православни цркви, Црковна архитектура и христијанска уметност, Хеортологија, Патрологија I, Патрологија II, Агиологија со хеортологија. За реализација на наставата по сите наведени предмети, д-р тој има креирано соодветни материјали и интерни скрипти за предавања и вежби.

Д-р Виктор Недески наставната работа ја врши со ентузијазам и ангажираност почитувајќи ги современите барања на наставната работа според ЕКТС и новите идеи што значително влијае врз осовременувањето на планирањето, организацијата и реализацијата на предавањата и вежбите по предметите за кои е избран. Сите активности поврзани со наставната дејност ги завршува со задоволство, точно и компетентно.

Во поглед на наставната дејност, кандидатот добива високи позитивни оценки од евалуацијата спроведена на Православниот богословски факултет во периодот од 2017 до 2021 година.

Постигнатите поени според Образецот 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање од наставно-образовната дејност од **62,75** поени точно покажуваат колкав е ангажманот на д-р Виктор Недески во наставно-образовната дејност. Имено, тој повеќекратно ги надминува по оваа основа предвидените критериуми (минимум 20 поени) согласно со Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година).

### 2.2. Научно истражувачка дејност

Во делот на научно истражувачката работа во изминатиов период, д-р Виктор Недески го разви својот научен потенцијал и го продлабочи својот истражувачки интерес во дисциплините за кои беше избран за асистент.

Кандидатот д-р Виктор Недески е автор на монографиите *Преполовение или Руса Среда? Хеортолошки осврт на празникот Преполовение и проблемот со словенските пагански верувања поврзани со него* (Охрид, 2015) и *Свети Константин Кавасила Архиепископ Охридски – житие, богослужба, акатист* (Охрид 2015). Коавтор е на монографиите *Свети Јован Владимир, хагиографија – химнографија – иконографија* (Скопје 2016), *Свети Климент Охридски, хагиографија и химнографија,* (Охрид 2016) и *Свети Кипријан Слепченски, житие, богослужба, акатист* (Битола 2017).

Д-р Виктор Недески објавил дваесет и пет научни трудови во домашни и странски научни списанија и зборници од научни конференции, од кои најзначајни се: 1. „Преписките на свети Константин Кавасила со Архиепископот Димитриј Хоматијан и Јован епископ на Китрус", *Monumenta* 1 (2016) 113-126; 2. „Contributions shedding light on the character and work of the Archbishop - Martyr Varlaam of Ohrid", *Monumenta* 2-3 (2018) 147-159; 3. „Лав Охридски и теологијата за бесквасниците", *Гласник на ИНИ*, 62 (2018) 17-33; 4. „Архиепископот Генадиј Охридски: Нови моменти од неговата биографија", *Гласник на ИНИ* 63 (2019) 91-101; 5. „Ликот на свети Григориј Охридски низ призмата на неколку архивски извори", *Македонски архивист* 27-28 (2020) 43-48; 6. „New discoveries for the hellenophone hagiographic and hymnographic tradition about Saint John Vladimir", *The 1000th anniversary of Saint Jovan Vladimir, Proceedings from the Scientific Conference* (21-22 October 2016), Podgorica 2017, 41-57; 7. Το ανέκδοτο «Σύνταγμα» του Γενναδίου Αχρίδος", *Niš & Byzantium XVIII* (3-5 June 2019), Niš 2020, 549-560.

Учествувал и на дваесет и пет научни конференции во земјава и странство, од кои позначајни се: 1. Меѓународен научен собир „Милениумското значење на св. Климент Охридски", Скопје 28-29 октомври 2016, во организација на МАНУ; 2. ΛΟΓΟΣ и ΤΡΟΠΟΣ, Скопје 29-30 мај 2017, во организација на Филозофскиот факултет и Филозофското друштво на Македонија; 3. The churches from Romania, Georgia, Macedonia and Poland. Forms of organization and leadership over the centuries. Considerations and assessments, Констанца 11-12 септември 2017, во организација на Романската академија на науките; 4. Првиот, Вториот, Третиот и Четвртиот Светиклиментов научен собир одржани во 2017, 2018, 2019 и 2020 г. во организација на ПБФ „Свети Климент Охридски" – Скопје; 5. Шестиот, Седмиот и Осмиот меѓународен научен сумпозиум „Денови на Јустинијан I" и др.

Од анализата на приложените трудови утврдивме дека тие се од областа на патрологијата и агиологијата. Трудовите на кандидатот д-р Виктор Недески ја покажуваат неговата посветеност и способност за продлабочен научен пристап за проучување на светоотечката мисла и наследство. Презентираните научни сознанија во трудовите укажуваат дека солидно ја владее научно истражувачката проблематика од областите за кои е биран.

Врз основа на Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Образец 2 (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година), може да се констатира дека д-р Виктор Недески од областа на научно-истражувачката дејност остварил вкупно **121** поен и со тоа повеќеструко го надминал лимитот од 20 поени кои се неопходни за избор во звањето доцент.

## 2.3. Стручно-применувачка дејност и дејности од поширок интерес

Во контекст на стручно-апликативната дејност, особено го истакнуваме неговиот ангажман како автор на преводите на книгите *Пограничен човек* од Николај Митрополит на Месогеа и Лавреотика (Охрид 2015) и *Свети Арсениј Кападокиски* од свети Пајсиј Светогорец (Охрид 2014) – двете од грчки јазик.

Забележителен е неговиот ангажман во организацијата и спроведувањето на секцијата по теологија во Демирхисарската летна школа, како и учеството во Комисијата за подготовка на нов превод на Светото писмо на Новиот завет на современ македонски јазик, како и учеството во комисијата за подготовка на нов поетски превод на Псалтирот.

Врз основа на Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и

демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Образец 2 (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година), може да се констатира дека д-р Виктор Недески од областа на стручно-применувачката дејност остварил вкупно 6 бодови што го задоволува лимитот од 5 бодови кои се неопходни за избор во звањето доцент.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на Рецензентската комисија, по разгледувањето на целокупно доставената документација од кандидатот, констатираа дека д-р Виктор Недески ги исполнува општите и посебните услови од конкурсот. Врз основа на целосно презентираниот научен, наставен и стручен ангажман на д-р Виктор Недески може да се согледа дека станува збор за афирмиран научен истражувач, со препознатлива физиономија и темелност во областите во кои повеќе години работи. Неговиот избор во академското звање доцент ќе придонесе за зајакнување на научниот капацитет и натамошен развој на Православниот богословски факултет во Скопје. Рецензентската комисија високо ја оценува нејзината наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно-применувачка дејност.

Во согласност со Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година), Комисијата утврди дека д-р Виктор Недески остварил вкупно **189,75** поени, со што го надминува лимитот од 80 поени кои се неопходни за избор во звањето доцент.

Од тие причини, ни претставува посебна чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Православниот богословски факултет во Скопје да го избере д-р Виктор Недески во звањето **доцент** од областа Патрологија и Агиологија.

**Рецензентска комисија:**

**проф. д-р Милан Ѓорѓевиќ, претседател**

---------------------------------------------

**проф. д-р Ратомир Грозданоски, член и**

---------------------------------------------

**проф. д-р Дејан Борисов, член**

---------------------------------------------

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** ***Виктор Сашо Недески***
(име, татково име и презиме)

**Институција:** ***Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски", Скопје***
(назив на факултетот/институтот)

**Научни области:** ***Патрологија и Агиологија***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>**Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,49**<br>**Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,95**<br>**Третиот циклус студии го завршува со одличен успех.** | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира: **Доктор по теолошки науки.**<br>Назив на научните области: **Патрологија и агиологија.**<br>Поле: **Теологија.**<br>Подрачје: **Општествени науки.** | ДА |
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор. | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование. | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | број на членови.<br>**1.**<br>1. Назив на научното списание: **Monumenta 2-3.**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји):<br>**Вкупен број членови: 7; 3 од Македонија, 1 од Србија, 1 од Бугарија, 1 од Словенија, 1 од Хрватска.**<br>3. Наслов на трудот: **Contributions shedding light on the character and work of the Archbishop - Martyr Varlaam of Ohrid.**<br>4. Година на објава: **2018.**<br>**2.**<br>1. Назив на научното списание: **Гласник на ИНИ - 62.**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји):<br>**Вкупен број членови: 10; 5 од Македонија, 1 од Украина, 1 од Босна и Херцеговина, 1 од Русија, 1 од Полска, 1 од САД.**<br>3. Наслов на трудот: **Лав Охридски и теологијата за бесквасниците.**<br>4. Година на објава: **2018.**<br>**3.**<br>1. Назив на научното списание: **Македонски архивист 27-28.**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји):<br>**Вкупен број членови: 13; 8 од Македонија, 1 од САД, 1 од Бугарија, 1 од Хрватска, 1 од Русија, 1 од Словенија.**<br>3. Наслов на трудот: **Ликот на свети Григориј Охридски низ призмата на неколку архивски извори.**<br>4. Година на објава: **2020.** | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Назив на научното списание: _________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД________<br>3. Наслов на трудот: ____________<br>4. Година на објава: ____________ | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји.<br>**4.**<br>1. Назив на зборникот: **The 1000$^{th}$ anniversary of Saint Jovan Vladimir, Proceedings from the Scientific Conference (21-22 October 2016)**<br>2. Назив на меѓународниот собир: **The 1000$^{th}$ anniversary of Saint Jovan Vladimir**<br>3. Имиња на земјите: **Црна Гора, Македонија, Бугарија, Албанија**<br>4. Наслов на трудот: **New discoveries for the hellenophone hagiographic and hymnographic tradition about Saint John Vladimir.**<br>5. Година на објава: **2017.**<br>**5.**<br>1. Назив на зборникот: **Свети Климент Охридски – милоста и милосрдието во Библијата и во Црквата**<br>2. Назив на меѓународниот собир: **Свети Климент Охридски – милоста и милосрдието во Библијата и во Црквата**<br>3. Имиња на земјите: **Македонија, Бугарија, Србија, Италија, Грција**<br>4. Наслов на трудот: **Преводот на Светиклиментовото житие од свети Атанасиј Пароски**<br>5. Година на објава: **2018.**<br>**6.**<br>1. Назив на зборникот: *Niš & Byzantium XVIII*<br>2. Назив на меѓународниот собир: *Niš & Byzantium XVIII*<br>3. Имиња на земјите: **Србија, САД, Црна Гора, Грција, Полска, Германија, Шпанија, Турција, Бугарија, Македонија, Русија, Унгарија, Италија и Франција**<br>4. Наслов на трудот: **Το ανέκδοτο «Σύνταγμα» του Γενναδίου Αχρίδος.**<br>5. Година на објава: **2020.** | ДА |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>1. Наслов на преведеното капитално дело: _______<br>2. Датум на објава _____________<br>3. Издавач, место на издавање и година | |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | ***<br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: **Преполовение или Руса Среда? – Хеортолошки осврт на празникот Преполовение и проблемот на словенските пагански обичаи поврзани со него**<br>2. Место и година на објава: Охрид 2015 | |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Републиа Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018).

# ОБРАЗЕЦ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Виктор Сашо Недески
(име, татково име и презиме)
**Институција:** Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје
(назив на факултет/институт)
**Научна област:** Теологија

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| | Во летниот и зимскиот семестар од 2017 година (2 семестри) одржувани се предавања по 6 часа неделно (Историја на македонскиот народ 3 часа, Историја на помесните православни цркви 3 часа), што значи дека бодирањето е 2*6*15*0,04=7,2 поени. Во 2018 година (2 семестри) одржувани се предавања по 6 часа неделно (Црковна архитектура и христијанска уметност 3 часа, Историја на помесните православни цркви 3 часа), што значи дека бодирањето е 2*6*15*0,04=7,2 поени. Во 2019 година (2 семестри) одржувани се предавања по 9 часа неделно (Црковна архитектура и христијанска уметност 3 часа, Хеортологија 3 часа, Историја на помесните православни цркви 3 часа), што значи дека бодирањето е 2*9*15*0,04=10,8 поени. Во 2020 година (2 семестри) одржувани се предавања по 10 часа неделно (Хеортологија 3 часа, Патрологија I 4 часа, Историја на помесните православни цркви 3 часа), што значи дека бодирањето е 2*10*15*0,04=12 поени. Во летниот семестар од 2021 година (1 семестар) одржувани се предавања по 16 часа неделно (Хеортологија 3 часа, Патрологија II 3 часа, Агиологија со хеортологија 4 часа, Патрологија I 4 часа), што значи дека бодирањето е 1*16*15*0,04=9,6 поени. Вкупниот број поени е: 7,2+7,2+10,8+12+9,6=46,8 | 46,8 |
| 2. | **Одржување на вежби** | |
| | Во летниот и зимскиот семестар од 2017 година (2 семестри) одржувани се вежби по 1 час неделно (Историја на помесните православни цркви 1 час), што значи дека бодирањето е 2*1*15*0,03=0,9 поени. Во 2018 година (2 | 9,45 |

| | | |
|---|---|---|
| | семестри) одржувани се вежби по 2 часа неделно (Црковна архитектура и христијанска уметност 1 час, Историја на помесните православни цркви 1 час), што значи дека бодирањето е 2*2*15*0,03=1,8 поени. Во 2019 година (2 семестри) одржувани се вежби по 2 часа неделно (Црковна архитектура и христијанска уметност 1 час, Историја на помесните православни цркви 1 час), што значи дека бодирањето е 2*2*15*0,03=1,8 поени. Во 2020 година (2 семестри) одржувани се вежби по 3 часа неделно (Патрологија I 2 часа, Историја на помесните православни цркви 1 час), што значи дека бодирањето е 2*3*15*0,03=2,7 поени. Во летниот семестар од 2021 година (1 семестар) одржувани се вежби по 5 часа неделно (Патрологија II 1 час, Агиологија со хеортологија 2 часа, Патрологија I 2 часа), што значи дека бодирањето е 1*5*15*0,03=2,25 поени. Вкупниот број поени е: 0,9+1,8+1,8+2,7+2,25=9,45 | |
| 4. | **Настава во школи и работилници** | |
| | 1. Раководител на секцијата Теологија на Првата Демирхисарска летна школа | 1,5 |
| | 2. Раководител на секцијата Теологија на Втората Демирхисарска летна школа | 1,5 |
| | 3. Раководител на секцијата Теологија на Третата Демирхисарска летна школа | 1,5 |
| | 4. Раководител на секцијата Теологија на Четвртата Демирхисарска летна школа | 1,5 |
| 5. | **Менторска настава** | |
| | 1. Член на Комисија на одбрана на дипломски труд 3*0,1 | 0,3 |
| 6. | **Консултации со студенти** | 0,2 |
| | **Вкупно** | **62,75** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Учесник во национален научен проект** | |
| | 1. Член на комисијата за подготовка на нов превод на Светото писмо на Новиот завет( 2017-.)Проект на Библиското зружение на Р. Македонија) | 3 |
| | 2. Член на комисијата за подготовка на нов поетски превод на Псалтирот (2021-. ) Проект на Библиското зружение на Р. Македонија) | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| **2.** | **Монографија** | |
| | 1. *Преполовение или Руса Среда? – Хеортолошки осврт на празникот Преполовение и проблемот на словенските пагански обичаи поврзани со него*, Охрид 2015 | 8 |
| | 2. *Свети Константин Кавасила Архиепископ Охридски – житие, богослужба, акатист, Охрид 2015* | 8 |
| **3.** | **Дел од монографија** | |
| | 1. *Свети Јован Владимир, хагиографија – химнографија – иконографија*, Скопје 2016 | 4 |
| | 2. *Свети Климент Охридски, хагиографија и химнографија*, Охрид 2016 | 4 |
| | 3. *Свети Кипријан Слепченски, житие, богослужба, акатист*, Битола 2017 | 4 |
| **4.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** | |
| | 1. „За почитта кон светителите", *Пелагонитиса* 29 (2017) 17-22 | 2 |
| **5.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | 1. „Преписките на свети Константин Кавасила со Архиепископот Димитриј Хоматијан и Јован епископ на Китрус", *Monumenta* 1 (2016) 113-126 | 3 |
| | 2. „Contributions shedding light on the character and work of the Archbishop - Martyr Varlaam of Ohrid", *Monumenta* 2-3 (2018) 147-159 | 3 |
| | 3. „Лав Охридски и теологијата за бесквасниците", *Гласник на ИНИ*, 62 (2018) 17-33 | 3 |
| | 4. „Архиепископот Генадиј Охридски: Нови моменти од неговата биографија", *Гласник на ИНИ* 63 (2019) 91-101 | 3 |
| | 5. „Ликот на свети Григориј Охридски низ призмата на неколку архивски извори", *Македонски архивист* 27-28 (2020) 43-48 | 3 |
| **6.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| | 1. „Свети Константин Кавасила како струмички епископ", *Музејски летопис, Зборник на трудови по повод 65 години „Завод и музеј" - Струмица*, Струмица 2017, 135-139 | 2 |
| | 2. „Охридската архиепископија во времето на Лионската унија", *Предание и општество, Зборник на трудови од Првиот и Вториот Светиклиментов научен собир (2017 и 2018)*, Скопје 2019, 85-92 | 2 |
| | 3. „Кој е свети Григориј Охридски?", *Зборник на* | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | *трудови од Првиот и Вториот Светиклиментов научен собир (2017 и 2018)*, Скопје 2019, 237-245 | |
| | 4. „Идентитетски дилеми околу струмичкиот епископ Константин Кавасила, автор на каноните на светите Петнаесет тивериополски маченици", *Култот за св. Петнаесет Тивериополски свештеномаченици во средновековната и во поновата епоха – историја, култура и традиција*, Струмица 2019, 103-108 | 2 |
| | 5. „Едната воплотена природа на Бога Словото – од Аполинариј Лаодикиски до свети Кирил Александриски", *Зборник на трудови од Третиот Светиклиментов научен собир (2019)*, Скопје 2020, 127-139 | 2 |
| | 6. „Прилог кон идентификување на свети Давид цар и свети Теоктист од бакрорезите на Христофор Жефарович", *Христофор Жефарович и неговото време*, Струмица 2020, 117-130 | 2 |
| 7. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | 1. „Свети Кипријан Слепченски – еден непознат новомаченик", *Манастирот Свети Јован Крстител, Слепче – духовен, книжевен и уметнички центар, Демир Хисар (06-07 јули 2015)*, Слепче 2017, 90-100 | 3 |
| | 2. „New discoveries for the hellenophone hagiographic and hymnographic tradition about Saint John Vladimir", *The 1000th anniversary of Saint Jovan Vladimir, Proceedings from the Scientific Conference* (21-22 October 2016), Podgorica 2017, 41-57 | 3 |
| | 3. „Богословските ставови и страдањето на свети Климент Охридски и неговите сотрудници во Моравија", *Меѓународен научен собир „Милениумското значење на св. Климент Охридски", (Скопје 28-29 октомври 2016)*, Скопје 2017, 321-328 | 3 |
| | 4. „Преводот на Светиклиментовото житие од свети Атанасиј Пароски", *St. Clement of Ohrid – Clemency in the Bible and in the Church* ( 21-22 October 2016), Скопје 2018, 269-286 | 3 |
| | 5. „Богословските ставови на Теофилакт охридски за латинскотор учење Filioque", *State and Empire, Proceedings of the 6th International Symposium "Days of Justinian I"*, (23-24 November 2018), Скопје 2019, 81-92 | 3 |
| | 6. „Богословските ставови на Лав Охридски изразени преку фрескоживописот во Света Софија Охридска", *International Conference St. Sophia – "Wisdom has built her house", Ohrid-Struga (11-13 October 2019)*, Skopje 2020, 265-285 | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | 7. „Το ανέκδοτο «Σύνταγμα» του Γενναδίου Αχρίδος", *Niš & Byzantium XVIII* (3-5 June 2019), Niš 2020, 549-560 | 3 |
| | 8. „Идентитетите во Хоматијановиот акт бр. 54", *Identities, Proceedings of the 7th* International Symposium "Days of Justinian I", (Skopje, 15-16 November, 2019), Скопје 2020, 203-213 | 3 |
| | 9. „Страстите во сферата на даденото и зададеното кај Аристотел и свети Максим Исповедник", *ΛΟΓΟΣ и ΤΡΟΠΟΣ, Зборник*, Скопје (29-30 Мај 2017), Скопје 2020, 169-180 | 3 |
| **8.** | **Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. институција** | |
| | 1. „Архиепископот Лав Охридски и судирот со Латините во неговата епоха", *Годишен зборник на ПБФ*, 21-22 (2015/2016) 171-185 | 2 |
| | 2. „Исходењето на Светиот Дух според учењето на свети Атанасиј Велики", *Годишен зборник на ПБФ*, 23-24 (2017/2018) 129-140 | 2 |
| | 3. „Мирот во делата на христијанските писатели од IV век", *Филозофска трибина* 41, 24 (2018) 99-108 | 2 |
| | 4. „Преглед на агиолошките извори на православната Црква", *Годишен зборник на ПБФ*, 25-26 (2019/2020) 149-162 | 2 |
| **9.** | **Учество на научен/стручен собир** | |
| | 1. „Свети Кипријан Слепченски – еден непознат новомаченик", Манастирот Свети Јован Крстител, Слепче – духовен, книжевен и уметнички центар, Демир Хисар 06-07 јули 2015 | 1 |
| | 2. „Преводот на Светиклиментовото житие од свети Атанасиј Пароски", St. Clement of Ohrid – Clemency in the Bible and in the Church, Ohrid 21-22 October 2016. | 1 |
| | 3. „New discoveries for the hellenophone hagiographic and hymnographic tradition about Saint John Vladimir", The 1000th anniversary of Saint Jovan Vladimir, Proceedings from the Scientific Conference, Podgorica 21-22 October 2016 | 1 |
| | 4. „Богословските ставови и страдањето на свети Климент Охридски и неговите сотрудници во Моравија", Меѓународен научен собир „Милениумското значење на св. Климент Охридски", Скопје 28-29 октомври 2016 | 1 |
| | 5. „Страстите во сферата на даденото и зададеното кај Аристотел и свети Максим Исповедник", ΛΟΓΟΣ и ΤΡΟΠΟΣ, Скопје 29-30 мај 2017 | 1 |
| | 6. „Η επιστολή του αρχιεπισκόπου Λέοντος Αχρίδος προς τον επίσκοπο της Απουλίας Ιωάννη Trani", Επιστημονική | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Ημερίδα Η Επιστήμη της Θεολογίας – Διεπιστημονικές Προσεγγίσεις, Θεσσαλονίκη 16 Ιουνίου 2017 | |
| | 7. „Contributions shedding light on the character and work of the Archbishop - Martyr Varlaam of Ohrid", The churches from Romanie, Georgia, Macedonia and Poland. Forms of organization and leadership over the centures. Considerations and assessments, Constanta 11-12 September 2017 | 1 |
| | 8. „The correspondences of St. Constantine Cabasilas with the Archbishop Demetrius Homatian, and John, bishop of Kitrus", Διεθνές επιστημονικό συμπόσιο προς τιμή του ομοτίμου καθηγητή Γεωργίου Βελένη, Θεσσαλονικη 4-7 Οκτωβρίου 2017 | 1 |
| | 9. „Мирот во делата на христијанските писатели од IV век", Филозофијта и мирот, Скопје 16-17 ноември 2017 | 1 |
| | 10. „Охридската архиепископија во времето на Лионската унија", Прв Светиклиментов научен собир, Скопје 7 декември 2017 | 1 |
| | 11. „Словенската хагиографска традиција за Свети Варвар Пелагониски и нејзиниот израз во уметноста на Балканот од XIV до XVIII век", Манастирот Слепче и поствизантиската уметност на Балканот од XVI и XVII век, Слепче 6-7 јули 2018 | 1 |
| | 12. „Теофилактовото Обраќање за обвиненијата против Латините", Самоиловата држава 1000 години потоа (1018-2018), Ohrid 25-26 October 2018 | 1 |
| | 13. Богословските ставови на Теофилакт охридски за латинското учење Filioque", *State and Empire, Proceedings of the 6th International Symposium "Days of Justinian I"*, Skopje 23-24 November 2018 | 1 |
| | 14. „Кој е свети Григориј Охридски?", Втор Светиклиментов научен собир, Скопје 6 декември 2018 | 1 |
| | 15. „Идентитетски дилеми околу струмичкиот епископ Константин Кавасила, автор на каноните на светите Петнаесет тивериополски маченици", Култот за св. Петнаесет Тивериополски свештеномаченици во средновековната и во поновата епоха – историја, култура и традиција, Струмица 7-9 декември 2018 | 1 |
| | 16. „Το ανέκδοτο «Σύνταγμα» του Γενναδίου Αχρίδος", Niš & Byzantium XVIII, Niš 3-5 June 2019 | 1 |
| | 17. „Богословските ставови на Лав Охридски изразени преку фрескоживописот во Света Софија Охридска", International Conference St. Sophia – "Wisdom has built her house", Ohrid-Struga 11-13 October 2019 | 1 |
| | 18. „Иконите на Дичо Зограф во црквата Успение на Богородица во Епаноми – Солунско", Меѓународен научен симпозиум 200 г. Дичо Зограф (1819-2019), | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Скопје 17-18 октомври 2019 | |
| | 19. „Идентитетите во Хоматијановиот акт бр. 54", VII international scientific symposium "Days of Justinian I" Skopje 15-16 November, 2019 | 1 |
| | 20. „Едната воплотена природа на Бога Словото – од Аполинариј Лаодикиски до свети Кирил Александриски", Трет Светиклиментов научен собир „Словата и Словото", Скопје 05 декември 2019 | 1 |
| | 21. „Прилог кон идентификување на свети Давид цар и свети Теоктист од бакрорезите на Христофор Жефарович", Христофор Жефарович и неговото време, Струмица 5-6 декември 2019 | 1 |
| | 22. „Последниот охридски архиепископ Арсениј II – фигура од македонската историја од XVIII век", Духовната и материјалната култура низ процеси и личности од Македонија (XVIII-XIX век), Скопје 13 декември 2019 | 1 |
| | 23. „Секундарните грешки на Латините според Лав Охридски", VIII International Scientific Symposium "Days of Justinian I" Skopje November 13-14 2020 | 1 |
| | 24. „Евхаристискиот спор во XVII век", Четврти Светиклиментов научен собир, Скопје 7 декември 2020 | 1 |
| | 25. „Изворниците на 'патеричките раскази' од Прологот на Висарион Дебарски од 1554 г.", III Научна конференција – Манастирот Св. Јован Претеча Слепче и културната историја на Македонија од времето на XVI и XVII век, Слепче 15 јули 2021 | 1 |
| | **Вкупно** | 121 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Превод на книга** | |
| | 1. Николај Митрополит на Месогеа и Лавреотика, *Пограничен човек – Од неодговорените дилеми кон преминот на „другата логика"*, Охрид 2015, превод на книгата: Νικολάου Μητροπολίτου Μεσογαίας και Λαυρεωτικής, *Ἄνθρωπος μεθόριος – Από τα αναπάντητα διλήματα στα περάσματα της «άλλης λογικής»*, Αθήνα 2005. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. Старец Пајсиј Сбетогорец, *Свети Арсениј Кападокиски*, Охрид 2014, превод на делото: Γέρωντος Παϊσίου, *Άγιος Αρσένιος ο Καππαδόκης*, Ιερόν Ησυχαστήριον "Ευαγγελιστής Ιωάννης ο Θεολόγος" 2004. | 3 |
| | **Вкупно** | **6** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 62,75 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 121 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 6 |
| **Вкупно** | **189,75** |

**Членови на комисијата**

1. ______________________, претседател
2. ______________________, член
3. ______________________, член
4. ______________________, член
5. ______________________, член